# Наши шуми

БРОЈ 83. СЕПТЕМВРИ, 2022

**ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ**








Шумски есенски плодови
Фото Проф.др. Јане Ацевски



*Platanus orientalis*
Јавор- чинар, платан во с. Честево, Валандово стар 700 години
Фото Проф.др. Јане Ацевски

национални
ШУМИ
во партнерство со природата

Наши шуми

ISSN 1409-785

Импресум • Наши шуми • број 83 септември 2022

## НОВ ЦЕНОВНИК ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА ГЛАВНИТЕ ШУМСКИ ПРОИЗВОДИ НА ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ

Во услови на актуелна светска енергетска криза и цени на енергенсите кои се зголемени неколкукратно во последниот период, а кои директно влијаат на калкулацијата на цената на чинење на основните шумски сортименти, мора да се истакне фактот дека, Ценовникот на цени на главни шумски производи на ЈП Национални шуми, не е сменет од 2014 година, (кога е извршена промена на цената само на техничкото дрво, додека цената на огревното дрво не е сменета од 2009 година), а трошоците за производсво на основните производи (огревно и техничко дрво) се зголемени неколкукратно.

## ОДРЖАНА ТЕРЕНСКА НАСТАВА ВО НАСТАВНО НАУЧНАТА ШУМА "МИХАЈЛОВО" ВО МИХАЈЛОВО – КАВАДАРЦИ

На ден 29.09.2022 година учениците од Средното општинско земјоделско-шумарско училиште Ѓорче Петров од Кавадарци, заедно со ученици од Шумарска Школа Краљево од Република Србија, под раководство на професор Горан Сакалиев, како претставник и добар познавач на новите технологии во шумарството, ангажиран како експерт на проект преку Ерасмус и програмата под наслов "Младо корење за климатске промене", беа присутни на теренска настава во Наставно Научната Шума "Михајлово" во Михајлово.

## ПРИКАСКАТА ЗА ВОДНО ХРОНОЛОГИЈА НА НАСТАНИ И ЛЕГИСЛАТИВАТА

Планината Водно (1067 m) е лоцирана во северниот дел од државата и ја ограничува Скопската Котлина во делот на градот Скопје од јужната страна. Околу планината Водно постојат населби со милениуми: Говрлево-Церје (6000 год. п.н.е.) јужно од Водно, како и прва Пајонска (Агријанска) населба Скупи (4000 год. п.н.е.) северно од Водно.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ЗА ПЕРИОД ОД 01-06 МЕСЕЦ 2022 ГОДИНА

ЈП "Национални шуми" користењето на шумите го врши плански согласно Посебните планови за стопанисување со шуми, на начин кој обезбедува трајно зачувување на нивната површина и зголемување на вредноста на шумите, постојано зголемување на нивниот прираст и принос како и зачувување и унапредување на нивните општокорисни функции, како што се заштитните и производните функции на шумите кои се во насока на производство на дрво и други производи од шумата.

04 БЛИЦ
11 ЕДИТОРИЈАЛ
12 ПРЕС КОНФЕРЕНЦИЈА
13 ЛЕТО БЕЗ ПОЖАРИ
15 НОВ ЦЕНОВНИК
16 НАСТАВА
18 ХРОНОЛОГИЈА
25 ИЗВЕШТАЈ
31 МЕЃУНАРОДЕН ДЕН

**Весник на ЈП за стопанисување со шуми Национални шуми**
**Издавач:** ЈП Национални шуми • За издавачот*:* Валентин Груевски, директор
**Главен и одговорен уредник:** Фатима Шкријељ
**Редакција*:***Фатима Шкријељ • **Издавачки совет:** Валентин Груевски, d-r Berat Dehari, Гордана Серафимовска, д-р Дејан Манџуковски, м-р Маре Басова
**Компјутерска подготовка:** Графо Пром
ЈП Национални шуми, ул.Булевар Климент Охридски бр.68 Скопје, Скопје-тел. 02/2581 080-факс 02/2581 824
**maksumi@mkdsumi.com.mk • www.mkdsumi.com.mk**

## БЛИЦ 01 75 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ

Во рамките на Меѓународната научна конференција по повод јубилејот од 75 години постоење на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг Ханс Ем, на 15 и 16 Јуни беше одржана работилница, која е дел од проектот Interreg–IPA CBC- ,,Подобрување на заштитата на приоритетните растенија во прекуграничната област од РС Македонија и Грција,,. Работилницата беше интерактивна со помош на платформата Vevox. На работилницата беа поканети сите студенти од ХЕФ, како и сите останати заинтересирани лица.




## БЛИЦ 02 ВОВЕДЕНА ДЕЛУМНА ЗАБРАНА ЗА ДВИЖЕЊЕ ВО ШУМА

Со оглед на зголеманата опасност од појава на шумски пожари на отворен простор, а по барање на ЈПНационални шуми, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство даде согласност за делумна забрана за движење во шумите и шумското земјиште на територијата со која стопанисува јавното претпријатие. Делумната забрана за движење во шума, стапи на сила од 24.06.2022 год. и ќе трае се до проценката дека е намален ризикот од појава на шумски пожари, односно, до нејзино отповикување. Согласно забраната за движење во шума, секој можеше да се движи во шума со претходно добиена дозвола. Дозволите се издаваа во 30-те подружници на Национални шуми. Делумната забрана за движење ја спроведуваа вработените од ЈПНационални шуми, кои вршат дејност заштита, шумската полиција и МВР. Националните паркови (Пелистер, Галичица, Шар Планина, Парк шумата Водно) се посебни субјекти и Национални шуми за нив не издаваа дозволи и не забрануваа движење низ истите. Воведената делумна забрана за движење во шума е превентивна мерка и нема никакви други намери, со оглед на тоа што, ланската година се случија најголемите пожари во поновата историја, а штетата од тие шумски пожари се проценува некаде околу 7 милиони евра (само за Национални шуми ). Штетата за наредните години е непроценлива, бидејќи изгоре дрвна маса од 380.000 м3.



## БЛИЦ 03 ОДРЖАНА ТРИБИНА „ПРЕВЕНЦИЈА ОД ПОЖАРИ"

На 27.06.2022 год. на Природно-математичкиот факултет во Скопје, во организација на Одделението за превенција во СВР Скопје во соработка со ЈПНШ, беше одржана трибина на тема „Превенција од пожари" како одбележување на почеток на кампањата „Лето без пожари" 2022 година. На трибината присуствуваше Директорот на ЈП Национални шуми Валентин Груевски, Помошникот директор Николчо Киров и вработените во Секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола, вработени од Подружница ШС



Бор-Кавадарци, претседателот на Противпожарниот сојуз на РСМакедонија, претставници од Шумска полиција, претставници од Противпожарната бригада на град Скопје, професори и студенти на Шумарскиот и Природно-математичкиот факултет. Трибината „Превенција од пожари“ ја отвори претставник на СВР Скопје, кој ги запозна присутните со активностите и целите од проектот.




На трибината се обрати и генералниот директор на ЈПНШ Г-динот Валентин Груевски, кој ја истакна важноста на ваквите превентивни активности, при што даде краток осврт на искуството од минатогодишните пожари, од што произлегува и потребата за воведување на забрана за движење во шума во критичниот период во годината.

Претседателот на Противпожарниот сојуз на Македонија Зоран Кочоски во своето обраќање испрати апел до младата популација, посебно во руралните средини да се ангажираат како доброволни пожарникари кои ќе бидат повикани во случај на настанат шумски пожар. Професор Никола Николов од Шумарки факултет даде научно и стручно преставување на заштита на шумите, при што нагласи дека клучна превентивна мерка е едукацијата и подигање на свеста кај граѓаните, посебно кај младите за заштита и зачувување на шумите и останатите површини на отворен простор од пожари. По завршеното излагање, беше отворена дискусија при што присутните земаа активно учество на трибината поставувајќи прашања до излагачите, а воедно дадоа и свое видување за значењето на превенцијата од пожари. На трибината беа поделени флаери со едукативна содржина „Лето без пожари“ и примероци од списанието „Наши шуми”

## ОДРЖАНА РАБОТНА СРЕДБА

БЛИЦ 04

Активностите во заштитениот предел “Осоговски планини” се интензивираат. Во средата на 06.07.2022 год. во посета на заштитениот предел беше амбсадорката на Швајцарската конфедерација. На средбата која се одржа на Поникваа, беа присутни членовите на Телото за управување, како и градоначалникот на град Кочани. Помошник директорката на Секторот за одгледување, подигање, екологија и лов Маре Басова, ги презентираше досегашните активности во рамки на заштитениот предел со посебен акцент на доприносот на Швајцарската агенција за соработка и развој во работата на заштитениот предел. На средбата се дискутираше и за понатамошната соработка.






Во попладневните часови, Телото за управување, имаше предавање на тема - ”Ендемски видови на Осоговските планини и нивна заштита”, а предавач беше академик др.Владо Матевски. Предавањата поминаа во работна атмосфера со дискусии за подобрување на состојбите со флората на “Осоговските планини”.

## БЛИЦ 05 ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

На ден 11.07.2022 година во дирекцијата на Јавното претпријатие Национални шуми и Здружение за заштита на животната средина ЗЕЛЕНО ОКО Скопје беше потпишан Меморандум за соработка, кој ја потврдува согласноста за соработка помеѓу ЗЕЛЕНО ОКО претставувано од Претседател проф. д-р Јане Ацевски и м-р Валентин Груевски директор на ЈП Национални шуми.

Здружението за заштита на животната средина ЗЕЛЕНО ОКО Скопје е граѓанска организација која поведува иницијативи и учествува во градење на јавно мислење и креирањето на политиките во областа на животната средина. Се залага за решавање на општествените предизвици во областа на зачувување на животната средина со што промовира, информира и реализира активности за унапредување на заштитата на животната средина.



Целта на соработката помеѓу ЈПНШ и Здружението за заштита на животната средина ЗЕЛЕНО ОКО Скопје е заедничка соработка во реализирање на проекти поврзани со шумите, животната средина, еколошките проблеми и климатски промени, како и проекти поврзани со едукацијата, руралниот развој во планинските региони, користењето на недрвните шумски производи и друго.

Здружение за заштита на животната средина ЗЕЛЕНО ОКО во соработка со ЈПНШ ќе ги реализира следните активности:

Организирање на обуки за воведување на еколошки одржливи практики во управување со шумите и шумското земјиште, земајќи го предвид и загрозениот биодиверзитет;

Отворање на едукативен центар за шумите и нивните природни вредности;

Практична настава и обука во природа на: ученици, студенти, љубители на природа, екологисти, планинари, извидници, туристи како од земјава, така и од странство;

Промоција на планински и научен туризам;

Справување со климатските промени;

Справување со аерозагадување;

Заштита на биодиверзитетот;

Менаџирање со биомаса за енергетски цели со аспект на зачувување на животната средина.



## БЛИЦ 06 СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДЕЛУМНАТА ЗАБРАНА ЗА ДВИЖЕЊЕ ВО ШУМА

Со оглед на зголемената опасност од појава на шумски пожари на отворен простор и согласно, воведената делумна забрана за движење во шума и шумско земјиште на територијата со која стопанисува ЈП"Национални шуми"– Скопје, која е со важност од 24.06.2022 год. во терминот од 06 до 20часот, се до нејзино отповикување, ЈПНационални шуми секојдневно ги следи и одговара на барањата на правни и физички лица кои пристигнуваат електронски на WEB страната на ЈП, како и барања што стасуваат преку архивата.

Освен за институциите и субјектите за кои не важи делумната забрана , движењето во шума за сите останати посетители е дозволено единствено со писмено одобрение од страна на подружниците на ЈПНШ, кои секојдневно ги издаваат побараните дозволи за движење во шума.



Најчести се барањата на правни лица кои континуирано имаат работа во шума, односно се движат низ целата територија на државата, како што се: одржување на мали хидроелектрани, одржување на телекомуникациска опрема-базни станици, чистење на траса за одржување на коридор-електродистрибуција, геодетски мерења за потребите на пристапен пат, сервисирање на предавателни мрежи, одржување и отстранување на појавени дефекти на далекуводи, одржување на микробранова опрема, научни истражувања - испитувања, одржувања на надземни водови, тетра базни станици на МВР, одржување на базни станици на мобилни оператори, репетитори, мобилна мрежа, собирање на споредни шумски производи.
Што се однесува на барањата од физички лица, тие најчесто се однесуваат на планинарење во шума, рекреативно движење во шума или собирање на споредни шумски производи.
Воведената делумна забрана за движење во шума е превентивна мерка, со единствена цел, заштита на шумите и шумското земјиште од шумски пожари.

## ТЕРЕНСКИ АКТИВНОСТИ ВО ЗАШТИТЕНО ПОДРАЧЈЕ „ОСОГОВСКИ ПЛАНИНИ“

БЛИЦ 07

Во согласност со предвидените активности во Годишната програма за управување со Заштитен предел „Осоговски планини“ на 07.07.2022г се реализираше теренска активност „Мониторинг на ендемичниот вид Genista Fukarekiana во месноста „Султан Тепе“ на „Осоговските планини“. Практичната теренска активност ја спроведуваа вработените кои се дел од Заштитениот предел „Осоговски планини“, а координатор на работата беше академик Владо Матевски. Со оваа активност се поставија два трансекти и една фитоценолошка снимка за мониторирање на ендемичниот вид Genista Fukarekiana .
Оваа активност претставува добра основа за понатамошни детални испитување на Осоговскиот ендемичен вид Genista Fukarekiana кој е единствен во светот.



БЛИЦ 08

## НАБАВКА НА ИТ ОПРЕМА СОГЛАСНО ПРОЕКТОТ “ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЈП “НАЦИОНАЛНИ ШУМИ” ЗА ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА “ОСОГОВСКИ ПЛАНИНИ” И МАЛЕШЕВО”

ЈП “Национални шуми”- Скопје и “Фармахем ДООЕЛ - Скопје” како координатор на Програмата за зачувување на природата во Македонија – излезна фаза на 15.04.2021 година потпишаа договор со кој се регулира соработката помеѓу двете институции. Овој договор се заснова на веќе потпишан договор помеѓу Swiss Agency for development and Cooperation (SDC) и Фармахем како координатор на Програмата за зачувување на природата во Македонија – излезна фаза. Во рамките на Програмата за зачувување на природата во Македонија – излезна фаза се спроведува проектот “Зајакнување на капацитетите на ЈП “Национални шуми” за одржливо управување со Заштитени подрачја Осоговски планини и Малешево. ЈП“Национални шуми”-Скопје спроведе дел од активностите согласно проектот, односно набавена е ИТ опрема, која ќе послужи за зајакнување на техничките капацитети на Заштитениот предел Осоговски планини и Заштитениот предел Малешево .Набавени се: Таблети, Десктоп компјутери, Преносливи (Laptop) компјутери за канцелариско работење, Мултифункционални печатар А4 црно-бел апарат по 2 броја, како и Пренослив (Laptop) компјутер за GIS.

## БЛИЦ 9

# ДЕЛЕГАЦИИ НА НАЦИОНАЛНИ ШУМИ ГО ОДБЕЛЕЖАА ИЛИНДЕН ВО КРУШЕВО



Во предвечерието на големиот национален празник 2-ри Август-Илинден, претставници од подружницата Липа од Крушево, предводени од раководителот Јанче Јанески со полагање свежо цвеќе им оддадоа почит на Илинденците, борците од НОБ и членовите на АСНОМ, го одбележаа Илинден во Крушево.

На одбележувањето на Илинден, денес на официјалното чествување, почит на Илинденците им оддадоа и претставници од подружницата Бигла од Демир Хисар, предводени од раководителот Илче Тренчевски.



Илинденската идеја има континуитет низ вековите и ги поврзува нашето минато, сегашноста и иднината.
Илинден е нашата сила за иднината, а нашата иднина е европска.
Нека ни е вековита слободата, суверeноста и независноста.
За многу години Илинден!

## БЛИЦ 10

# ОДРЖАНИ РАБОТНИ СОСТАНОЦИ

Почнувајќи од 15.08.2022г. во текот на целата работна седмица, во просториите на дирекцијата на ЈП Национални шуми, Директорот Валентин Груевски, заедно со Помошникот директор на Секторите за шумарство и Заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола Николчо Киров, одржаа работни состаноци со Раководителите-директори на сите подружници во составот на јавното претпријатие.
На работните состаноци, Раководителите на подружниците ги презентираа планираните и остварени производни и финансиски податоци, кумулативно заклучно со месец Јули, како и очекувањата до крајот на годината.
Беше разговарано и за испочитување на сите уплати и испораката на огревното дрво до граѓаните и правните лица за претстојната грејна сезона.



# ФОРЕСТ ФЕСТ 2022 ГОД. БЛИЦ 11

Во Пехчево на 19 август започна 6-то издание на Форест Фест 2022г. во Едукативниот центар за зачувување на природата во село Негрево. Фестивалот го отвори Војо Соколовски претседател на Националното здружение на сопствениците на приватни шуми, а настанот го поздравија Николчо Киров, пом.директор од ЈП Национални шуми, Трајан Димковски од МЗШВ, како и претставник на ЕЛС од Општините Пехчево и Берово.

Отварањето на фестивалот беше збогатено со песни и игри од Малешевијата во изведба на КУД Јане Сандански од Пехчево.

Во предвидената агенда на програмата беше одржана и презентација на тема:

- Превенција и заштита од пожари и
- Санација на опожарени шуми

Во рамките на фестивалот е предвидена и посета на опожарените шуми на приватни сопственици, како и посета на дел од стопанските капацитети за преработка на дрво и други шумски производи.

На вториот ден на фестивалот програмата предвидува планинарска рута, велосипедска рута и посета на туристички локалитети во општината, Равна река и Пехчевските водопади.

Единствената цел на фестивалот е да се подигне јавната свест за значењето на шумите.

Во рамките на вториот ден од Форест Фест според предвидената агенда, група на велосипедисти ја реализираа велосипедската тура до врвот Ченгино Кале, со вкупна должина од 40км, преку изворот на реката Брегалница.

Група пак од околу 15 членови планинари од ПСК "Сосна" од Берово, успешно ја реализираа еднодневната тура до месноста - Џоловето над Пехчево.

Едно големо браво за сите учесници во денешните рекреативни активности.





# ВО БЕРОВО РЕАЛИЗИРАНИ ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ НА ОТВОРЕН ПРОСТОР БЛИЦ 12

На ден 18.08.2022г. во Берово беа реализирани активности за едукација на населението за превенција од пожари на отворен простор.

Во едукацијата учествуваа претставници од подружницата Малешево, од одделението за внатрешни работи, шумската полиција и територијалната противпожарна единица од Берово.

За време на едукацијата беше посочено, дека се уште е во важност делумната забрана за движење во шуми и дека дозволи за движење сите граѓани можат да извадат во Подружницата Малешево во Берово.

Беше апелирано до граѓаните да внимаваат како се движат низ шумата, се со цел да не се предизвика пожар, од кој последиците можат да бидат катастрофални. Доколку забележат било каков чад или оган да пријават на отворената линија 24 часа на ден: 02- 155-22 во ЈП Национални шуми на која можат да пријават пожар и други злоупотреби во шума, како и на новиот број 112, кој е европски број за итни повици.



## БЛИЦ 13 ПОТПИШАН ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА

На 23 август 2022 г. во просториите на Меѓународен Славјански Универзитет беше потпишан Договор за соработка помеѓу ЈП Национални шуми и Меѓународен Славјански Универзитет.
Договорот го потпишаа Валентин Груевски, в.д. директор на ЈП „Национални шуми" и проф. д-р Јордан Ѓорчев, претседател на Управен Одбор на Меѓународен Славјански Универзитет.
На потпишувањето на договорот за соработка присуствуваа проф. д-р Живко Митревски и проф. д-р Љупчо Вчков, директор на Институтот за инженерска економија при МСУ.
Со договорот се предвидуваат попусти за студирање за сите вработени на ЈП Национални шуми и членовите на нивните семејства на Меѓународен Славјански Универзитет.



## БЛИЦ 14 ОДРЖАН СОСТАНОК НА КООРДИНАТИВНОТО ТЕЛО ЗА МОНИТОРИНГ И СПРЕЧУВАЊЕ НА ШИРЕЊЕТО НА БОЛЕСТА АФРИКАНСКА СВИНСКА ЧУМА

На 24.08.2022г. во просториите на МЗШВ беше одржан првиот состанок на Координативното тело за мониторинг и спречување на ширењето на болеста Африканска свинска чума, кој се одржа во широк состав.

Од ЈП Национални шуми на одржаниот прв состанок на координативното тело присуствуваше раководителот од Секторот за одгледување, подигање, екологија и лов Марјан Стојаноски.
На состанокот беше констатирано дека состојбата во моментов е стабилизирана и нема појава на нов случај, а сите жаришта се затворени.

Сега е најважно да се одржи стабилната состојба и да не се дозволи болеста да се прошири во комерцијалните фарми. За таа цел, е издадено решение за почеток на ловна сезона со цел да се изврши интензивен отстрел на дивите свињи кои ја шират заразата.
Сите институции постапуваат согласно заклучоците и се на ниво на задачата, во секојдневна координација со цел состојбата да остане стабилна и понатаму.



# БОИТЕ НА ЕСЕНТА

**Ах овој есенски ден**
**со сонце позлатен!**
**Излези, излези брзо**
**заедно да проскитаме,**
**исти луѓе да видиме**
**со иста смеа да итаме.**
**Срцево ми е денеска**
**детенце неповиено**
**од светлина опиено,**
**од овој есенски ден**
**со сонце позлатен.**

**Блаже Конески**

За многумина, заминувањето на летото и појавувањето на есента носи емотивно расположение полно со тага, носталгија, меланхолија , чувство на минливост на постоењето. Експертите велат дека тоа се должи на помалото количество светлина, кое од своја страна повлекува пореметување на расположениета.
За другите пак есента е најголемата магија што природата може да ја изрази, исполнета со неверојатно спокојство. Есента е исполнета со придушена радост.

Светлите и веселите бои на летото се заменуваат со потемни и помирни во бесконечна варијација на бои, кафеави, жолти, темноцрвени нијанси кои будат помирна и поинтимна атмосфера.
Во реалноста, есента може да донесе и нова енергија, особено кога се поврзува со почетокот на новата учебна година, без оглед пред колку време сме ги напуштиле школските клупи. Чувството на нов почеток е измешано со посвежиот воздух во септември, новата учебна година носи нови обврски, нови проекти, нови пријатели, нови знаења.
Есенските, во најинтензивни бои лисја паѓаат, формирајќи миризливи теписи кои се симболичната слика на есента, иако за многумина имаат негативно значење, тие се очигледна метафора за смртта на сите нешта во природата, за неизбежниот крај. Но природата не умира, таа функционира, но е само во привиден сон.
А човекот, тој е како есенско дрво кога ќе влезе во есента на својот живот. Иако студот што почнува да го носи времето е неизбежен, понекогаш силен, дрвото продолжува да живее од своите сокови и од своите корени, давајќи лисја во прекрасни разновидни бои, кои само тогаш можат да се видат. Така и човекот, кога ќе влезе во својата есен, иако го удира сè поголем студ, тој исполнет со искуство и стекнато знаење, може да блесне со неверојатно силен интензитет на убавина. Навистина е точно она што го кажал Ниче- Есента не е годишно време,
есента е состојба на умот.

Фатима Шкријељ



# ЗАЕДНИЧКА ПРЕС КОНФЕРЕНЦИЈА НА МЗШВ И ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ




На 25.08.2022 год. во просториите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, се одржа прес-конференција во врска со изнесените дезинформации и полувистини објавени во некој од медиумите. Прес – конференцијата ја водеа раководителот на Секторот за шумарство и ловство на МЗШВ, Саша Јовановиќ и директорот на ЈП Национални шуми Валентин Груевски. Пред претставниците на медиумите беше изнесена вистината за случајот кој осамна под наслов: „Приватна фирма доби државна дозвола за извоз на дрво во време на енергетска криза“ Од насловот на текстот се добива впечаток дека се работи за привилегија на определена фирма, а не за редовна управна постапка во која секој правен субјект кој ги исполнува определените услови, пред се за легално потекло на дрвната маса, мора да добие одобрение (а не дозвола како што е назначено во текстот), за извоз на определен вид на дрво односно дрвен сортимент. Во случајот се работи за барање на определена фирма за извоз на опожарена дрвна маса од црн бор, која потекнува од опожарените површини во делчевско од катастрофалните пожари, кои се случија минатата година. Во минатогодишните пожари изгоре околу 390 000 м 3 дрвна маса од црн бор. Согласно Законот за шуми, корисникот на државните шуми, во случајот ЈП „Национални шуми“ има обврска во периодот од две години (значи до 01.08.2023 година) целосно да ја посече и отстрани сета изгорена дрвна маса, по што би требало да се пошуми по пат на вештачка обнова. Посочениот правен субјект во текстот на медиумот, до МЗШВ го доставил барањето и потребната документација меѓу која и купопродажен договор со ЈП Национални шуми за купување на 15 000 м 3 опожарена техничка дрвна маса од црн бор, по што органот на државна управа од областа на шумарството – Сектор за шумарство и ловство на ден 08.07.2022 година му издал Одобрение за извоз на опожарената техничка дрвна маса со рок на важност на одобрението од 90 дена. Во тој период, а и до ден денес ниту Владата, ниту друг државен орган нема прогласено енергетска криза. Одлуките за ограничување за извоз на одделни стоки, меѓу кои и огревно дрво и други дрвни сортименти, Владата ги донесе подоцна, поточно на 22.07.2022 година. По наведената одлука на Владата за ограничување за извоз на одделни стоки со тарифни ознаки за огревно дрво и дрвни сортименти, органот на државна управа од областа на шумарството – Сектор за шумарство и ловство го извести правниот субјект за ставање на надвор од сила на издаденото одобрение. Во периодот на важноста на одобрението правниот субјект извезол опожарена дрвна маса во количина од 24,5 м3. Спротивно на тврдењето на медиумот, органот на државна управа од областа на шумарството – Сектор за шумарство и ловство, во изминатите пет години (2018 – 2022) издал не 5, туку 60 одобренија за извоз на огревно дрво и други дрвни сортименти.

-Одобренија за извоз се издаваат врз основа на поднесено барање од правни лица и соодветна документација како доказ за потеклото на дрвото. Во случајов, наведеното правно лице има доставено комплетна документација, односно приложен е купопродажен договор со ЈП Национални шуми, врз чија основа МЗШВ му издаде одобрение за извоз на вкупна количина од 15.000м3 техничко дрво кое е опожарено.

-Одобрението за извоз на техничка опожарена дрвна маса на фирмата, којашто е посочена во текстот, е издадено на 08 јули 2022 со рок на важност до 06 октомври 2022 година, на количина од 15.000 м3, а извоз е извршен на само 24.5 м3. Одобренијата за извоз на огревно дрво и други производи од дрво се со рок на важност од 90 дена, но во конкретниот случај важноста на Одобрението е прекината на 22.07.2022 година со донесување на Одлуката за ограничување на извоз на огревно дрво и други дрвни сортименти.

-Во моментот на издавање на одобрението Владата на РСМ се уште немаше донесено одлука за ограничување на извоз на огревно дрво и други производи од дрво. Одлуката е донесена на 22 јули 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.166 од 22.07.2022 година). Во моментот на донесување на Одлуката за ограничување на извозот, престанува важноста на издаденото Одобрение за извоз. Продажбата на ваква опожарена дрвна маса која е со максимално намален квалитет е во интерес на ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ, но секако и на државата бидејќи што повеќе одминува времето, така се повеќе се намалува квалитетот и вредноста на дрвото и неговата можност за било каква употреба. Од погоренаведено, јасно е дека ниту Министерството, ниту ЈП Национални шуми, немаат направено никакво прекршување на закон. Се повикува медиумот кој се обиде да пласира невистини и со тоа предизвика нарушување на угледот на Министерството и Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Љупчо Николовски, како и на ЈП Национални шуми, јавно да се извини и да го објави образложението за вистината.

# ДА ГИ ЗАШТИТИМЕ НАШИТЕ ШУМИ ОД ПОЖАРИ



На ден 15 јуни 2022 година, во рамките на програмските активности и воспоставената традиција, Противпожарниот сојуз на Македонија (ПСМ), во соработка со Градскиот противпожарен Сојуз на Скопје (ГППС) и Општинските противпожарни Сојузи на Општините на град Скопје (ОППС), и оваа година е организирана јавна кампања за разбудување на свеста кај граѓаните за потребата од заштита на шумското богатство од пожари во текот на летниот период. Настанот се одржа на градскиот плоштад Македонија, во соработка со Дирекција за заштита и спасување на РСМ, доброволни противпожарни друштва и други општествени и јавни установи.

На кампањата учествуваа претставници на ЈП Национални шуми, преку Секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола и дел од шумочуварската служба на ПШС Караџица-Скопје. На кампањата беа поделени флаери од Противпожарниот сојуз на Македонија и од ЈП Национални шуми, на кои се прикажани начините на превенција и заштита од пожари на нашето национално богатство-шумите, како и семеен прирачник за заштита од природни непогоди и други несреќи. Флаерите и прирачниците со информативна содржина се поделени на минувачите низ централното градско подрачје.

На ден 13.07.2022 год. припадници на шумочуварската служба од ПШС Лешница – Тетово на наплатна рампа Желино, спроведоа акција за делење на флаери од ЈП Национални шуми и Министерството за внатрешни работи, под мотото: Пламените јазици се незапирливи и Палење на шумите е криминал.

Шумите се нашето најголемо богатство. Тие дишат за нас и го создаваат толку неопходниот кислород, тие се дом и засолниште на целиот животински и растителен свет. Шумите се дел од нашето секојдневие и ни обезбедуваат сигурност, енергија и основа за создавање на се, од обичниот лист хартија, па се до кровот над нашите глави. Шумите се оганот кој не грее во ладните зимски ноќи и сенката која не штити од врелото летно сонце. Тие се нашиот животен циклус, она што не движи напред, тие се нашето највредно богатство и само замислете како би било да ги нема.

Во делење на флаери се приклучија и припадниците на шумочуварската служба од ПШС Караџица – Скопје и на ден 15.07.2022 год. на наплатна рампа Петровец, спроведоа акција за делење на флаери од ЈП Национални шуми и Министерството за внатрешни работи, под мотото: Пламе-




ните јазици се незапирливи и Палење на шумите е криминал.
Шумите се меѓу најбогатите екосистеми на планетата, дом се на околу 80% од копнените животни и растенија во светот (податоци од ФАО). Благодарение на нивното присуство и интеракција, се случуваат процесите на опрашување, растурање на семиња и оплодување на почвата.  Шумите играат фундаментална улога за животната средина, населението и економијата. Освен што ги намалуваат ефектите од климатските промени и природните катастрофи, тие претставуваат голем дел од најбогатите биолошки области на земјата. Тие, исто така, обезбедуваат храна, обновливи суровини за многу од нашите производи и егзистенција за милиони луѓе.
Свој придонес во акцијата дадоа и вработените од Подружницата Бигла-Демир Хисар кои на 26.07.2022год. во рамките на проектот „ Лето без пожари“, заедно со претставници од Полициската станица во Демир Хисар, продолжија со активности во насока на давање препораки и совети за заштита и зачувување на шумските и останатите површини од пожари, заштита на земјоделското земјиште и пасиштата од пожари, како и препораки за превенција од пожари на отворен простор.
Исто така, на возачите на автомобили и на жителите им беа поделени и флаери со едукативна содржина.
На ден 20.07.2022 год. реализирана е заедничка активност со припадниците на МВР и шумочуварската служба од ПШС Саланџак, на тема Заштита на шумите "Лето без пожари-пламените јазици се незапирливи".
Наша задача и обврска како и одговорен пристап кон заштитата на шумите од шумските пожари се доследно применување на превентивни мерки, навремено спроведување на информациите од областа на заштитата и соработка со граѓаните кои живеат на територијата на општина Валандово.
Со овие активности за заштита и превенција од шумски пожари, шумочуварската служба на ЈП Национални шуми, координирано со вклучување на сите релевантни институции  продолжи во текот на летниот период.



# НОВ ЦЕНОВНИК ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА ГЛАВНИТЕ ШУМСКИ ПРОИЗВОДИ НА ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ



Врз основа на член 11 т.5 од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и Службен весник на РСМ бр. 275/19 и 89/22) , Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 23 август 2022 година, донесе Одлука за давање согласност на Ценовникот за утврдување на цените на главните шумски производи на ЈП Национални шуми бр. 02-540/2 од 21.07.2022 година, донесен од Управниот одбор на јавното претпријатие. Одлуката стапува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Северна Македонија.

Во услови на актуелна светска енергетска криза и цени на енергенсите кои се зголемени неколкукратно во последниот период, а кои директно влијаат на калкулацијата на цената на чинење на основните шумски сортименти, мора да се истакне фактот дека, Ценовникот на цени на главни шумски производи на ЈП Национални шуми, не е сменет од 2014 година, (кога е извршена промена на цената само на техничкото дрво, додека цената на огревното дрво не е сменета од 2009 година), а трошоците за производсво во фазите (сеча, дотур, превоз со утовар и растовар), нафта, бензин, закуп и сл. на основните производи (огревно и техничко дрво) се зголемени неколкукратно.

Согласно напред изнесеното ЈП Национални шуми п.о. – Скопје со зголемување на производството во тековната 2022 год., мора да ја прилагоди односно зголеми цената на дрвните сортименти, согласно зголемувањето на цената на енергенсите (гориво, мазиво, двотактол), кои имаат големо влијание врз остварената цена на чинење на метар кубен произведено огревно или техничко дрво.

Согласно новиот Ценовник, кој е веќе објавен на нашата веб страна, огревното дрво од даб и бука, изнесува за метар кубен огревно дрво од даб 3564,00 денари , односно за метар кубен огревно дрво од бука 3444,00 денари без ДДВ.



# ОДРЖАНА ТЕРЕНСКА НАСТАВА ВО НАСТАВНО НАУЧНАТА ШУМА "МИХАЈЛОВО" ВО МИХАЈЛОВО – КАВАДАРЦИ




На ден 29.09.2022 година учениците од Средното општинско земјоделско-шумарско училиште Ѓорче Петров од Кавадарци, заедно со ученици од Шумарска Школа Краљево од Република Србија, ученици од 3 профили, шумарски техничар, техничар за ловство и техничар за пејзажна архитектура, под раководство на професор Горан Сакалиев, како претставник и добар познавач на новите технологии во шумарството, ангажиран како експерт на проект преку Ерасмус и програмата под наслов "Младо корење за климатске промене", беа присутни на теренска настава во Наставно Научната Шума "Михајлово" во Михајлово, на Кожув Планина, која е доделена на средното училиште како наставно научна. Теренската настава е одржана во околината на место викано Одмаралиште, Михајлово, каде со помош на ГПС Гармин со претходно нанесена топографска карта, е одредуван степен на загрозеност на биодиверзитетот на шумско и земјоделско земјиште.

Исто така со помош на Vertex V, на учениците им беше презентирано, како да измерат кружна површина, со цел да се одреди дрвната маса во таа пробна површина. Со истиот инструмент е измерена и височината на стеблата, а со помош на шублер (клупа) се мерени дијаметрите, за да се одреди дрвната маса на таа површина. Во самиот круг со помош на Дистометар (инструмент за мерење на дистанцата) и со Haglof клинометар, на учениците им е презентирано како се мери висина на некое стебло, кое исто така дава добри резултати како и Vertex-от. Со помош на ГПС-от на учениците им е презентирано како да трасираат шумски пат, кој треба да се изгради во шума.

На ден 30.09.2022 година учениците од Шумарската школа од Краљево од Република Србија,



заедно со учениците од Средното општинско земјоделско-шумарско училиште Ѓорче Петров од Кавадарци, беа на терен во сечиште каде што се врши сеча, за да се види, како средното стручно училиште тоа го прави и кои мерки за одгледување на шумите се извршени. На терен во сечиштето е иврршена прореда во ниско стеблен даб и високостеблен црн и бел бор и вајмутов бор, каде што сечата била извршена само на дабот. Теренот е обиколен и со помош на ГПС точно беше увидено каде е направена оваа сеча со точни координати за понатаму да се пренесе во карта.
Исто така на терен е детерминиран подмладокот кој што е изникнат како последица од сечата и тој е од генеративно и од вегетативно потекло, од разни возрасти, како и од ланската прореда, каде веќе подмладокот е витален, а некои се во фаза на поник кои што биле сечени оваа пролет. Исто така со помош на ГПС-от, учениците ја исцртаа шумската влека по која се вршел дотурот на дрвните сортименти.
На ден 05.10.2022година во просториите на СОЗШУ Ѓорче Петров во Кавадарци се одржа презентација од страна на професорот Горан Сакалиев на која присутните ученици научија како да користат алатки како што се: Google Earth, QGIS и други помошни алатки како би можеле да ги користат во шумарството. На презентацијата исто така со помош на QGIS, е исцртана карта на загрозеност за ШСЕ Михајлово. Учениците се стекнаа со нови знаења и тоа дека сите податоци од терен можат да се нанесат на карта и обратно од карта може да се нанесат на телефон или на ГПС и потоа на терен да нанесеме точки, координати, патишта и се што е потребно во текот на користење на шумите.

Дипл.шум.инж. Горан Сакалиев
Професор по стручни предмети од шумарска струка во СОЗШУ Ѓорче Петров - Кавадарци



# ПРИКАСКАТА ЗА ВОДНО ХРОНОЛОГИЈА НА НАСТАНИ И ЛЕГИСЛАТИВАТА

Планината Водно (1067 m) е лоцирана во северниот дел од државата и ја ограничува Скопската Котлина во делот на градот Скопје од јужната страна. Околу планината Водно постојат населби со милениуми: Говрлево-Церје (6000 год. п.н.е.) јужно од Водно, како и прва Пајонска (Агријанска) населба Скупи (4000 год. п.н.е.) северно од Водно. Подоцна за време на Римската империја, во времето на императоротОктавијан Август, од 13 до 11 п.н.е., Скупи од логор (каструм) на двете легии - 5-та македонска и 4-та скитска легија прераснува во град. Подоцна, во 84 или 85 н.е., императорот Домицијан ја основал колонијата Флавија Скупи, град со римска управа кој бил најголем во областа од Солун на југ, до Дунав на север. Во тоа време Скопје доживеало голем развој. Но во 518 н.е., катастрофален земјотрес го уништил градот. За време на поголемиот дел од раниот средновековен период, градот бил претежно окупиран од Византиското, но и Бугарското царство, еден краток период бил и под Самоиловото царство. Од 1282 година, градот бил дел од Српското царство чиј главен град бил од 1346 до 1371 година. Во 1392 година, Скопје било освоено од Османлиите, кои го нарекле Üsküb. Според турскиот патописец Е. Челеби, во Скопје во средината на XVII век. имало 60 000 жители. Австро-унгарскиот генерал Пиколомини, поради чума го запалил градот во 1689 година. После тоа, Скопје бил мал град и слабо растел. Скопје бил дел од османлиската административна единица Румелија. Подоцна, со административните промени од 1864 година, регионот му припаѓа на Косовскиот вилает, а подоцна од 1888 година е познат како Скопски вилает со преселба на седиштето на вилаетот од Приштина во Скопје. До крајот на Отоманската империја во овој регион (1912), Скопје бил типичен турски град. Според отоманскиот попис од 1833 година, во градот доминира муслиманско население (56,5%) наспроти христијани (32,35%). Така е се до крајот на Првата светска војна кога Турците го напуштаат градот, а од секаде се населуваат христијани во градот. Скопје и претходните населби во котлината до крајот на XIX век се наоѓале само на левата страна на реката Вардар. Десната страна на Вардар била перманентно поплавувана од оваа река, но и од пороите од планината Водно, која главно била под земјоделско земјиште и без население.




Слика 1. Карта на град Скопје (1891) и Карта на регионот околу Водно (1910)
а) Оригинална карта (1891) во Музеј на Скопје, редизајнирана од Зекирија Абдул, 2016 година
б) Воено картографско истражување на Австро-Унгарија, Лист Скопје М = 1:200 000, 1910 г.

Населението од поранешните населби масовно го користело дрвото од некогашната шума на Водно за задоволување на своите потреби, па така Водно го претвориле во огромна голина. Со изградбата на железницата и првата железничка станица во 1873 година, градот почнал некако срамежливо да се шири од десната страна на реката Вардар. Прво било Гази Ментеш маало.Водно било голо, ерозијата беснеела, а Водњанските порои (особено Горноводњански порој – поминува покрај Клинички центар) ги поплавувале новите населби во подножјето.

# ХРОНОЛОГИЈА НА ВАЖНИ МОМЕНТИ ВО ПОСЛЕДНИТЕ 100 ГОДИНИ

Во 1913/14 година - Специјална комисија од Кралството Србија извршила увид во состојбата на шумите во Вардарска бановина вклучително и на Водно, каде била утврдена катастрофална состојба.



Слика 2 – Поглед на планината Водно во почетокот на XX век. Пристигнување на султанот Мехмед V Решад во Скопје 1911 година (првата железничка станица и влезот на новата улица Јени Џаде (сега улица Македонија) и добар поглед на северните падини на Водно во позадина

Видливи се голини, длабоки порои и знаци на интензивна ерозија. Планината Водно генерално била многу малку покриена со шума и доминирало земјоделско земјиште и голини.

Во 1922 година е донесен Законот за шумите на Кралството СХС.

Со Драчевска резолуција (1923 или 1925), Здружението на инженери и техничари на Вардарска Бановина, меѓу другото, наведува дека поради постојаните поплави од пороите од Водно, треба да се преземат мерки за заштита од поплави.

Веднаш потоа се формирани шумски расадници на падините на Водно, прво кај селото Нерези во 1924 година, а потоа, во 1928 година на локацијата на сегашниот Медицински факултет, каде се произведуваат садници за пошумување пред се на Водно.

Првичното пошумување на Водно било извршено во 1928 година. Пред тоа имало само некои експериментални пошумување на потегот Кале-Француски гробишта, со различни видови, различен тип на садници, различна подготовка на почвата, различни начини на садење итн. (1925-6 - инж. В. Шјацки).

Во 1930 година е донесен “Закон за уредување на пороите” на Кралството Југославија.

На терен беа видиливи канали на централниот порој на Водно. Знаејќи дека во 30-тите години започна изградбата на канали во коритата на пороите насекаде, овие канали се од овој период.

Во 1931 година е воведен “данок за козите”, за кои е утврдено дека ги уништуваат шумите, предизвикуваат ерозија и ги загрозуваат материјалните добра.

Во периодот пред катастрофата во 1951 година, планината Водно била генерално гола. Шумите зафаќале само 10% или 451 ха што се забележува на стари топографски карти. Шума има околу селата Горно Водно, Г. Нерези и фрагменти кај Г.Грчец. Дел од оваа шума е резултат и на пошумувањата во периодот 1928-1950 година.

Според сеќавањата на роднините и постарите колеги, пороите од Водно особено Горноводњанскиот порој (поројот долж булеварот Мајка Тереза) често го поплавувале просторот во низводниот дел (денес околу ресторанот Галија и мала Станица. Неколку пати моите најблиски роднини (дедо и вујковците) му помогнале на

друг роднина кој живеел таму и постојан бил поплавен, во чистење на наноси (кал, чакал, камења) од неговата куќа, подрумот и дворот.
По Втората светска војна имало повеќе административни поделби.. Надлежни тела за управување со природните ресурси беа окружните управи (Народен одбор на округот), во случајот на Водно - Народен одбор на Скопската околија. Скопската околија ја опфаќа административната граница на сегашниот Скопски регион.
Во овој период беа формирани неколку важни институции поврзани со ерозијата и уредување на пороите како што следи:
1944 - Формирање на "Шумарски институт" (подоцна во 1975 година институтот стана дел од Шумарскиот факултет);
1947 година – Формирање на "Земјоделско-шумарски факултет". Покрај најсродните биоинженерски и инженерски дисциплини како: пошумување, шумски појаси, технички механика, градежништво во шумарството, имаше 2 специјални предмети во наставниот програм од 1947 година и тоа хидраулика, уредување на буици.
По 1945 година, формирана е "Републичка управа за порои" како дел од Владата во периодот по Втората светска војна. Нема податоци кога точно оваа дирекција е формирана и трансформирана.
На 13.03.1950 година формирано е Претпријатието за пошумување и уредување на пороите „ВОДНО". Имајќи ги предвид голините, големиот интензитет на ерозивни процеси и честите поплави, Владата на НР Македонија донесе одлука бр. 885 од 13 март 1950 година за основање на Претпријатието за пошумување и контрола на порои „ВОДНО", најверојатно по предлог на Републичката управа за порои. Нема достапни податоци кога ова претпријатие било укинато и трансформирано.

Претпријатие за уре- дување и пошумување на порои „Водно" со седиште во Скопје

Претпријатието е основано со решение на Владата на НРМ бр. 885 од 13-III-1950 година, а со решението бр. 743 од 12-VII-1952 година е пренесено под управа на Народниот одбор на Скопска околија.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК

НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

УКАЗ

Врз основа на чл. 73 т. 4 од Уставот на НРМ а во врска со чл. 5 т. 7 од Законот за Президиумот на Народното собрание на НРМ, Президиумот на Народното собрание на НРМ го прогласува Законот за пошумување што го донесе Народното собрание на НРМ на седницата од 5 јануари 1951 година, а кој што гласи:

ЗАКОН

ЗА ПОШУМУВАЊЕ

По Втората светска војна во 1946 година и 1948 година пошумувањето продолжува, а затворениците и војниците учествувале и во пошумувањето на најтешките терени (камењари) каде е користен и експлозив за отворање на дупки. .
На 05.01. 1951 година донесен е Закон за пошумување (Службен весник на НРМ бр. 1/51).
Законот беше донесен за претворање на голините (вклучувајки обработливото земјиште и пасиштата) во шуми кои ќе служат пред се за заштита од ерозија и порои. Законот во член 3 ги уредува површините за пошумување, попис на пошумените земјишта, а начинот и роковите се опфатени со член 5 од овој закон. Во членот 8 се определуваат субјектите одговорни за пошумувањето како и извршителите на пошумувањето. Законот ги дефинира субјектите одговорни за обезбедување на саден материјал, стручен кадар. Предвиден е и начинот на обележување на новопошумените површини, а согласно член 21 се предвидени и казнени мерки за непочитување на одредбите од законот.

На 1.6.1951 година, се случила последната голема катастрофална поплава на Скопје од порои од планината Водно. Написите во весниците објавени во тоа време даваат опис на природната катастрофа што се случила. Тоа беше вистинска закана за околните куќи и секако за Клиничкиот центар, чии магацини беа поплавени до висина од 1,5 метри, а паркот на болницата беше речиси целосно уништен. А наносите Мала станица – НИП Нова Македонија зафаќале преку 25000 m3. Вистинската слика ја добиваме преку пишаниот новинарски извештај.

*) „Искорнатите рози поцрвенеа на жолтата кал“
Утрото улиците сеуште беа покриени со камења и вода, а звукот на пумпите што ја црпат водата од визбите се слушаше насекаде. Во исто време, камиони и автомобили натоварени со камења се излеаја на улиците. Во конечниот биланс била вклучена и една жртва.
Општиот заклучок тогаш беше:
„Треба да се преземат мерки истото да не се повтори, а мерките би биле: пошумување, санирање на старите и изградба на нови собирни канали на Водно, за да се регулира секој евентуален порој што би можел да загрози.
*) Извадок од запис содржан во дневниот весник „Нова Македонија“, број 1998 година, објавен на 3.06.1951 година, во недела. Последици од пробивање на облак над Водно, 01.06.1951 година, 5 часот попладне ...

1950-ти – Основање на Водостопанство „Вардар“. Покрај другите активности, ова претпријатие беше одговорно за одржување на каналскиот систем на пороите на Водно, се до трансформацијата на водостопанството во 2009.
На 3 јули 1951 година - донесен е “Закон за заштита на стрмните земјишта од ерозија” (СВ на НРМ бр. 23/51).
Со членот 4 од овој закон, Владата на НРМ, на предлог на Советот за земјоделство и шумарство, го определува подрачјето (регионот) каде што стрмните земјишта се зафатени со ерозија и според член 5 планира и спроведува мерки за заштита од ерозија дури и на приватни земјишта кои ќе бидат предмет на експропријација. Во членот 7 е пропишано Народниот одбор на округот (денешна управа на општината) детално да прогласи ерозивно подрачје и да планира мерки за заштита од ерозијата, а за непочитување на одредбите од законот во членот 10 се предвидуваат одредени казнени мерки.

На основа решението на Советот за стопанство на Народниот одбор на Скопска околија бр. 11839 25-X-1952 година, уписано е во регистарот на државните стопански претпријатија на страна 22, претпријатието под фирма: Претпријатие за уредување и пошумување на порои „Водно“ со седиште во Скопје.

Претпријатието е основано со решение на Владата на НРМ бр. 885 од 13-III-1950 година, а со решението бр. 743 од 12-VII-1952 година е пренесено под управа на Народниот одбор на Скопска околија.

Предмет на работата на претпријатието е: уредување на порои, буици и подигање на ветрозаштитни појаси, пошумување на поројните периметри, ресурекциони сечи во поројните периметри.

Претпријатието е под стопанска управа на Народниот одбор на Скопска околија.

Фирмата ќе ја потпишува директорот инж. Тодор Ангелков.

Бр. 11839/53 од Советот за стопанство на Народниот одбор на Скопска околија. (11)

Смрт на фашизмот — слобода на народот!

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| | | |
|---|---|---|
| Ракописите се испраќаат во дупликат на адреса: „Службен весник на НРМ“—Скопје. Огласи по тарифата. | СКОПЈЕ Четврток, 31 јули 1952 Број 23 Година VIII | Претплата за 1952 година изнесува 500 дин. Овој број чини 24 динари Чековна сметка број 801-901-702 |

## УКАЗ

На основа чл. 73 т. 4 од Уставот на НРМ, а во врска со чл. 5 т. 7 од Законот за Президиумот на Народното собрание на НРМ, Президиумот на Народното собрание на НРМ го прогласува Законот за заштита на стрмните земјишта од смивање и одронување, што го донесе Народното собрание на НРМ на седницата од 3 јули 1952 година, а кој гласи:

## ЗАКОН
ЗА ЗАШТИТА НА СТРМНИТЕ ЗЕМЈИШТА ОД СМИВАЊЕ И ОДРОНУВАЊЕ

Во 1952 година е основано претпријатието „Порој проект” кое постоело до крајот на XX век. Ова претпријатие беше специјализирано за подготовка на техничка документација за уредување на порои.
Во 1952 година – Формиран е „Завод за водостопанство” каде што постоеше Оддел за заштита од ерозија и порои. Оваа институција подготви различни студии и проекти поврзани со ерозијата и пороите меѓу кои и првпат Карта на ерозијат и катастар на пороите. Укинат е во 2010 година.
Во 1952 – Основано е претпријатието “Шума проект”, кое преку изработката на планови за стопанисување со шумите дава индиректно придонес и кон заштитата од ерозија.
На 25.10.1952 година со Решение бр. 743, Претпријатие за пошумување и уредување на порои “ВОДНО” премина под управа на Народниот одбор на Скопска околија, а подоцна со Решение бр. 11289/53 од Економскиот совет на Народниот одбор на Скопската околија е запишан во реги-

старот и започна со работа. Предмет на работа на ова претпријатие бил: уредување на порои, подигање на шумски појаси, пошумување на ерозивни терени, мелиорации на деградираните шуми и шикари. Прв директор е инж. Тодор Ангелков.
Сите овие институции беа директно насочени кон заштита од ерозијата и уредување на пороите или сочинуваат делови или се дел од интегралниот систем за таа дејност.
На 8.03.1954 година Извршниот совет на НРМ донесува Одлука за определување на подрачја подложни на ерозија бр.1 - Водно (Службен весник на НРМ 6/54). Дел од планината Водно (североисточните падини кон градот Скопје т.е. од селата Сопиште и Припор (на исток) до Г. Нерези (запад), на врвот на Водно (југ) и северната граница се наоѓа во сегашен дел на градот Скопје. Пржино, Црниче се прогласени за ерозивно подрачје. Со таа одлука се задолжува надлежниот субјект да презема мерки за заштита од ерозија.
На 11 09. 1954 година донесена е Одлука на Извршниот совет (Влада) за пошумување на 560 ха на планината Водно на површини подложни на ерозија (Службен весник на НРМ бр. 28/54).


Бр. 6 — Стр. 110 СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА НРМ 8 март 1954

22

На основа чл. 4 од Законот за заштита на стрмните земјишта од смивање и одронување и чл. 11 од Законот за спроведување на Уставниот закон, а на предлог Републичката управа за буиџи, Извршниот совет донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА ОДРЕДУВАЊЕ ПОДРАЧЈА ПОДЛОЖНИ НА СМИВАЊЕ И ОДРОНУВАЊЕ

1. Подрачја во кои се стрмните земјишта подложни на смивање и одронување се следните:

1. — „Водно" за подрачјето од гр. Скопје, околија Скопска, во атарите на селата Горно и Долно Водно во следните граници:
а) Од југ: од патот Скопје—Сопиште, по јужната катастарска граница помеѓу селата Горно Водно и Сопиште, по гребенот преку тригонометрите бр. 179, 6, 13 и 62 до тромеѓата меѓу селата Г. Нерези, Г. Водно и Сопиште.
б) Од исток: од патот Скопје—Сопиште, по катастарската граница Кисела вода—Усје, до тригонометарската точка 194.
в) Од север: под брегот до школата „Кочо Рацин" оди по Дунавска улица, под еврејските гробишта, под Црниче до раскрсницата Св. Петка — по улицата покрај бивша бирарија по улицата Варшавска и оди по патот за Кисела вода — преку К. 280 тригонометар 194.
г) Од запад: од тромеѓата Г. Нерези, Г. Водно и Сопиште се спушта право на железничката линија до под брегот.


СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

129

ОДЛУКА
ЗА УКИНУВАЊЕ НА ТРАУМАТОЛОШКИОТ ЦЕНТАР ВО СКОПЈЕ

РЕШЕНИЕ
ЗА ПОШУМУВАЊЕ ДЕЛ ОД ПОДРАЧЈЕТО „ВОДНО"

ИС број 256
31 август 1954 година
Скопје

Извршен совет

Секретар, Потпретседател,
Ф. Брајовска, с. р. К. Црвенковски, с. р.

**1954 – 1969 година - Спроведување на големиот проект за заштита од ерозијата и уредување на пороите во претходно прогласеното ерозивно подрачје.**

На 23.04.1957 - (Службен весник на НРМ бр. 11/57), е излезен "Закон за заштита на стрмните земјишта од ерозија и уредување на пороите". Овој закон всушност е продолжување на претходниот закон од 1952 година кој беше фокусиран на земјоделско земјиште. Со законот од 1957 година се определуваат мерките за заштита на стрмните земјишта кои се загрозени од ерозија и регулирање на пороите, се воведува регистар на стрмни земјишта. Законот предвидува уредувањето да се врши по ревидиран проект за заштита на стрмните земјишта од ерозија и главни проекти за регулирање на поројот. Во Глава 5 и Глава 6 од Законот се уредуваат начинот и органите надлежни за вршење надзор над спроведувањето и примената на одредбите и мерките од овој закон, како и казнените одредби. Овој закон дополнително ја дефинира улогата на Водно и потребните активности и уредувања, особено оние кои недостигаа во претходниот закон.
Во 1957 донесено е Упатство за спроведување на мерки за заштита на стрмни земјишта од ерозија (Службен весник на НРМ бр. 29/57).
На 24.6.1960 во (Службен весник на НРМ бр. 20/60) е донесен Закон за заштита од ерозијата и пороите. Овој закон е подобрена верзија на претходниот закон и во него беше вклучено подетално уредувањето на порои.
21.10.1970 – Закон за Републички фонд за пошумување на голини (Сл. весник на НРМ бр. 25/70).
По Втората светска војна, регистрирани се 337.217 хектари голини или 31,7% од вкупната шумска површина. Подготвена е долгорочна програма за мелиорација за периодот 1971–1991 година, во која се планирани 94.000 ха за пошумување. За реализација на оваа програма беа направени и други подготовки во организација на работата, осовременување на производството на саден материјал (контејнерски системи), набавка и употреба на современа механизација и друго. Планот е далеку натфрлен. Пошумувањата на јужните падини на планината Водно, се реализирани преку Фондот.
1970 - Со одлука на Собранието на Град Скопје во 1970 година, претходно прогласеното ерозивно подрачје (делот Нерези - Припор) но сега проширено на цело Водно е прогласено за предел со посебни реткости. Ова на прв поглед е многу чудно ако се земе предвид дека човечкото влијание е круцијално за овој простор (пошумување, обработливи површини, лозја, овоштарници..) и дека нема ни од далеку некакви природни вред-

ности како многу други подрачја во државата.
Во 1973 година е донесен Закон за природни реткости - (Сл. Весник Сл. Весник на НРМ, бр. 41 од 73).
4.8.1976 - Најголемиот дел од планината Водно со вкупно 4573 ха (не само претходно ерозивно земјиште, туку се протега речиси на целата планина Водно), со одлука на Собранието на Град Скопје бр. (28/76) е прогласено за ГРАДСКИ ПАРК ШУМА согласно Закон за природни реткости.



СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 19

Предели со посебни природни карактеристики се подрачја кои се одликуваат со своевиден панорамски изглед и особена природна убавина, настанати на природен начин, кои служат како воздушни бањи, излетнички места, парк-шуми или за други слични намени.

Во членот 19 од Законот за природни реткости пишува: Пределите со посебни природни карактеристики се области кои се карактеризираат со панорамски поглед и посебна природна убавина, создадени по природен пат, а се користат како воздушна бања, излетничко место, парк-шума и сл.  Позната светска дефиниција за Шумски парк е: област со шумска вегетација што се користи за рекреација.

ЗП Парк шума Водно ни од далеку не се препознава во оваа дефиниција.

До 1951 година имало само 451 ха шуми (10%). Во 1971 година, пошумените површини покриваат 14% (сега 23%), обработливото земјиште 20% (сега 20%) и вештачките површини (1%). Тоа значи дека во 1971 година, според класификацијата за покривање на земјиштето, 35% од површината не е природно покриена (сега е 43%) и се поставува прашањето како оваа област може да се препознае во член 19 каде што е строго напишано дека областите треба да се создадени на природен начин. Дополнително, 50% од површината (сега 23%) се природни пасишта. Да, тоа е природно, но не може да се препознае во познатата дефиниција за парк шума. Тоа значи дека во 1971 година, 80% (сега 77%) не може да се препознаат во член 19 или во светската дефиниција за парк-шуми.
Други типови на земјишна покривка - природни шуми (тогаш 20% а сега 33%) се доминантно даб-габерови шуми кои покриваат 1/4 -1/3 од сите шуми во државата се такви. Се поставува прашањето дали оваа шума се карактеризира со посебна природна убавина? Ако е така,  огромен дел од РСМ треба да се прогласи за природна реткост.
Зошто Водно е прогласено според Законот за природни реткости, иако имајќи предвид дека поголем дел не е признаен во горенаведениот член 19?  За причините за оваа Одлука можевме само да претпоставуваме. Можеби одговорните во овој период од 70-тите сакале да ја заштитат планината Водно на кој било начин, веројатно поради  воено-безбедносни потреби.  Слично како и шумскиот резерват Јасен кој сепак има и значајани природни вредности за разлика од Водно.

31.12.1973 - Закон за води (Службен весник на НРМ бр. 47/73).
Со донесувањето на овој закон, Законот за ерозија и контрола на пороите од 1960 година се суспендира и во овој закон има посебно поглавје за контрола на ерозијата и пороите (глава XII чл.102.-114). Од овој закон и подоцна, одредбите за контрола на ерозијата и пороите се вклучени во подоцнежниот Закон за води.

1971-90 Постоење на Фонд за пошумување на голини. Со финансии од овој фонд е реализирано пошумување на јужните падини на Водно, околу 360 ха и на ерозивни површини во северозападниот дел возводно од селата Д. Крушопек и Д. Грчец.

Подоцна оваа одлука  за ЗП според Закон за природни реткости е дополнувана 8/89; 9/90; 9/91. Од 1991 година името е ПАРК ШУМА. Со измената од 1988 година, од Градот Скопје, со дел од своите надлежности премина на градското комунално претпријатие „Комуналец“ и се задолжи да ги преземе сите потребни работи за заштита и одржување на Водно. Подоцна, по трансформацијата на „Комуналец“ од 1.1.1993 година, овие активности за одржување и заштита се префрлаат на новооснованото комунално јавно претпријатие „Паркови и зеленило“ - Скопје.
1993 - Донесен е првиот План за одгледување и заштита на шума со посебна намена “Парк шума Водно” Овој план се разликува од другите планови во следното:

- Целото заштитено подрачје, односно целиот простор, без разлика дали е шума, шумско земјиште, пасишта, обработливо земјиште, неплодно, е опфатено во рамките на шумскостопанската единица Парк шума Водно со вкупна површина од 4573 ха..
- Принципот на поделба на оддели и пододдели се користи и на нешумско земјиште па и на земјоделско земјиште.
- Планот содржи и посебен додаток за стопанисување со дивечот т.е детален опис и мерки за заштита на дивечот
- Планот содржи детали за противпожарна заштита

Недостаток и на овој, но и на подоцнежните планови е што не е инкорпорирано со ерозијата и пороите

**Управување на Водно**

Во периодот на Кралството СХС и Југославија (1918-1945) стопанисувањето со шумските површини било во надлежност на Министерството за шуми и руда. Имало Шумска управа на Скопје и тие биле одговорни за пошумување, заштита од ерозија и уредување на пороите.

Според законската регулатива по Втората светска војна до 1967 година и административно-територијалната поделба, управувањето со сите природни ресурси било во надлежност на Народните одбори на окрузите. Во случајот на Водно, тоа е Народниот околиски одбор на Скопскиот округ.
Тоа значи дека отсекогаш планината Водно била под надлежност на општинската управа на Скопје.
Со административно-територијална поделба од 2004 година, дел од Водно, административно припаѓа на општина Сопиште која не е дел од градот Скопје, но управата на град Скопје отсекогаш управувала со Водно. Сега сите одлуки се во надлежност на Советот на Скопје и градоначалникот на Скопје, додека администрацијата на општина Сопиште нема никакви надлежности, иако голем дел од Водно е на територијата на Сопиште.

Секторот за комунални работи на Град Скопје со поддршка на другите сектори изготвува “Годишна оперативна програма” (за сите активности на ЈП Паркови и зеленило поврзани со градското и вонградското зеленило. Оваа програма е општа и содржи општи активности вклучително и финансии. Градоначалникот на Скопје ја предлага оваа Годишна програма до Советот на Скопје, советниците расправаат и на крајот донесуваат одлука за прифаќање на оваа програма. Претседателот на советот го потпишува ова решение. Потоа, Годишната програма се објавува во Службен билтен на Град Скопје. Со оваа одлука ЈП Паркови и зеленило се задолжува за извршување на активности на терен со дефинирана финасиска конструкција доделена од градот.

Потоа, врз основа на оваа одлука на Град Скопје, секторите на ЈП „Паркови и зеленило“ детално изготвуваат Годишна извршна програма каде што детално се планирани сите активности со точна локација, површина и други детали вклучувајќи ги и трошоците. Потоа Управниот одбор на ЈП Паркови и зеленило го одобрува овој план. Потоа, различни сектори во рамките на ова претпријатие ги извршуваат планираните активности. За заштита и одржување на Водно е одговорен Секторот за вонградско зеленило каде околу 40 вработени (инженери, техничари, шумски работници, шумочувари) се грижат за Водно, но и за малите локалитети „Гази Баба“ и „Кале – Француски гробишта“.

За планината Водно се подготвени Планови за одгледување и заштита на шумите во 1993, 2005 и 2016 година, согласно шумарската легислатива , но се осврнува и на барањата од другите закони (за заштита на природата, за заштита на културното наследство итн.) . Единствено недостасува малку подетално и за областа поради која и е подигната оваа шума приоритетно и заштита од ерозија и порои.

Јавното комунално претпријатие „Паркови и зеленило“ е задолжено за оперативни активности на Парк-шума Водно. Секоја година добиваат задолженија од град Скопје за изведување на разни активности согласно Планот. Организираат дежурни лица да ја чуваат шумата, да набљудуваат и да сузбиваат шумски пожари, сите други активности во шумата како шумско-заштитни активности, итн. Во случај на сериозни шумски пожари, учествуваат и вработени во други сектори. За време на сузбивањето на огромниот шумски пожар на Водно (на јужните падини) во 2007 година кога изгореа 40 хектари шума, учествуваа околу 350 вработени од „Паркови и зеленило“. Другите комунални претпријатија го поддржуваат ЈП „Паркови и зеленило“ во управувањето, во рамките на нивните надлежности (ЈП „Комунална хигиена“, „ЈП „Водовод и канализација“, ЈП „Улици и патишта“, ЈП „Јавен сообраќај“).

Проф д-р Иван Блинков,

УКИМ, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг “Ханс Ем” - Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ЗА ПЕРИОД ОД 01-06 МЕСЕЦ 2022 ГОДИНА

ЈП"Национални шуми" користењето на шумите го врши плански согласно Посебните планови за стопанисување со шуми, на начин кој обезбедува трајно зачувување на нивната површина и зголемување на вредноста на шумите, постојано зголемување на нивниот прираст и принос како и зачувување и унапредување на нивните општокорисни функции кои се во насока на одржлив развој и унапредување на животната средина. Заштитните функции на шумите се остваруваат преку заштита на земјиштето и други објекти од ерозија, влијание на водниот режим и режимот на ерозивните наноси, заштита на хидромелиоративните системи и објекти, заштита на населби и објекти од јавен и локален интерес во државна и приватна сопственост. Производните функции пак на шумите се во насока на производство на дрво и други производи од шумата.

**Сеча на дрвни сортименти**

Во периодот од 01-06 месец 2022 година извршена е сеча и изработка на 169.269,00 м3 вкупна дрвна маса, споредено со планираната месечна динамика за сеча од Програмата за работа за периодот од 01-06 месец 2022 год. на ниво на ЈП сечата е извршена со 64%.
Споредбените податоци за извршените работи во фазата сеча со истиот период во 2021 год. покажуваат дека индексот на остварено е 1,00 или сечата е незначително зголемена во апсолутен износ од 581 м3.



**Дотур на дрвни сортименти**

Во периодот од 01-06 месец 2022 година дотурени се вкупно 97.341,02 м3 или 47% од планираната динамика за дотур на вкупна дрвна маса. Споредбата со истиот период во 2021 год. покажува дека индексот на остварено е 0,93, а тоа значи дека дотурот на вкупна дрвна маса е намален за 7% или во апсолутен износ за 6.879 м3.

**Превоз на дрвни сортименти**

Во периодот од 01-06 месец 2022 год. извршен е превоз на вкупна дрвна маса од 28.906,63 м3. Споредбата со истиот период во 2021 год. покажува дека индексот на остварен превоз на вкупна дрвна маса со остварена продажба од шумски склад е 1,05, или превозот со остварената продажба од шумски склад е зголемен во апсолутен износ за 3.717 м3. И оваа година имаме продажба на дрвни сортименти и на шумски склад, а според важечкиот Ценовник на цени на главни шумски производи бр.02-1170/2 од 05.12.2014 год.

**Продажба на дрвни сортименти**



Според податоците од месечните извештаи за производство и реализација на дрвни сортименти од подружниците, во периодот од 01-06 месец 2021 година продадена е вкупна дрвна маса од 158.170,52 м3 од кои 30.012,95 м3 се техничко дрво, а 124.756,67 м3 се огревно дрво и 3.400,90 м

3 е отпад после сеча. Споредбените податоци за остварена продажба на дрвни сортименти со истиот период во 2021 година покажуваат дека таа е зголемена во апсолутен износ за 16.269,18м 3. Индексот на остварена продажба на техничко дрво е 0,92, или во апсолутен износ продажбата на техничко дрво е намалена за 2.694,52 м3, а за огревното дрво со отпад после сеча е 1,17, или во апсолутен износ продажбата на огревно дрво со отпад после сеча е зголемена за 18.963,70 м3. Начинот на продажба на дрвните сортименти е со: рамковен договор за деловна соработка со годишни договори, годишен договор без рамковен договор и продажба на благајна – малопродажба.

Јавното претпријатие "Национални шуми" – Скопје во месец декември 2021 год. објави Повик за интерес за склучување на купопродажни договори за техничко и огревно дрво за 2022 година на веб страната на ЈП.

Јавното претпријатие "Национални шуми" – Скопје во текот на извештајниот период објави Повик за интерес за опожарена дрвна маса на веб страната на ЈП.

Продажба на опожарена дрвна маса на пенушка во ПШС „Голак" – Делчево, ПШС „Равна Река" – Пехчево и ПШС „Малешево" – Берово (опожарена во 2021 год.) со сите заинтересирани субјекти кои ги исполнуваат условите од повикот, прописите и критериумите донесени од ЈП. Рокот за поднесување на апликација – барање беше до 04.02.2022 год.

Врз основа на јавните повици за интерес во текот на периодот од 01-06 месец 2022 година и врз основа на склучените Рамковни договори за деловно-техничка и комерцијална соработка за период од 5 години, се склучија годишни купопродажни договори за техничко дрво, во кои посебно се регулираа количините на дрвни сортименти за тековната година, квалитетот, цената, динамиката на снабдување, начинот на плаќање и други работи кои се од значење за годишните испораки.

Продажбата на огревно дрво за периодот од 01-06 месец 2022 година изнесува 124.757 м3 од кои на шумски склад и на склад подружница реализирани се 66.090 м3 огревно дрво, а од продажба на пенушка, покрај пенушка соборено и покрај пенушка изработено продадени се вкупно 58.667 м3 огревно дрво.

Како последица од актуелната состојба со коронавирусот Covid-19 во земјава и пошироко на глобално ниво значително е отежната состојбата на пазарот со дрво и дрвни сортименти. Коронавирусот Covid-19 на пазарот со дрво и дрвни сортименти предизвика големо пореметување и дисбаланс меѓу производството, пласманот и продажбата.

**Залиха на дрвни сортименти**

Според месечните извештаи за производство и реализација на дрвни сортименти од подружниците вкупната залиха на дрвни сортименти на ниво на ЈП "Национални шуми" на 30.06.2022 год. изнесува 45.942,73 м3, од кои во шума е 34,36%, на пат 62,30% и на склад 3,34%.

**Шумски патишта**



Планирани и изградени патишта во шума кои се наменети за превоз на шумски производи, се сметаат за шумски патишта и ги користат субјектите кои стопанисуваат со шумите. Во периодот од 01-06 месец 2022 изградени се вкупно 56,22 км меки патишта, реконструирани се 114,70 км и извршено е прочистување на постоечката патна мрежа на 763,55 км.

За реализација на остварените плански задачи за изградба, реконструкција на патишта и прочистување на постоечката патна мрежа во периодот од 01-06 месец 2022 година потрошени се вкупно 36.709.021,00 денари со сопствена механизација.

**Стопанисување со приватни шуми**

Во периодот од 01-06 месец 2022 год. одобрени се вкупно 109.283 м3 од приватни шуми и меѓи, од кои на техничко дрво отпаѓаат 18.126 м3 и на огревно дрво отпаѓаат 91.157 м3.

Од вкупно одобрената дрвна маса во овој период реализирано е 14.423 м3 техничко и 53.441 м3 огревно дрво од приватни шуми и меѓи. Средствата кои се остварени од ознака на техничко и огревно дрво од шума и ознака на дрва од меѓи во приватна сопственост за период од 01-06 месец 2022 год. изнесуваат 23.881.367,00 денари.

**Одгледување на шуми**

Активностите во делот на одгледувањето на шумите, се базираат на обврските кои се пропишани со посебните планови за стопанисување со шумите.

Проста репродукција на шуми
Со членот 94 од Законот за шуми, регулиран е начинот на издвојување и користење на средствата за проста репродукција на шумите. Потрошените средства за проста репродукција на шумите по вид на извршена работа во периодот од 01-06 месец 2022 година се во износ од 20.913.646 денари.

Проширена репродукција на шуми
Согласно член 95 од Законот за шумите за работите на проширена репродукција на шуми средства обезбедуваат: субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост во висина од 3% од вредноста на исеченото дрво на франко камионски пат, сопствениците на шуми во приватна сопственост во висина од 3% од вредноста на исеченото дрво на франко камионски пат, како и правните субјекти што вршат промет на дрво во висина од 3% од вредноста на продаденото дрво и од Буџетот на РМ. Средствата за проширена репродукција на шумите се користат според годишна Програма што ја донесува Владата на Република Северна Македонија.
Во извештајниот период ЈП Национални шуми нема остварено приходи од проширена репродукција на шумите затоа што во период од 01-06 месец 2022 год. согласно Програмата за проширена репродукција на шумите за 2022 год. (Сл.весник на Р.С.Македонија бр.56/22) нема склучено договори помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и извршителот на работите за пошумување на голини и ерозивни земјишта во државна сопственост и отстранувања на последиците од шумски пожари на површина над 50 ха во рамките на една шумско стопанска единица преку вештачка обнова.

**Расадничко производство**



возрасти на ниво на ЈП, од кои 906.921 броја садници се класично и 835.756 броја се контејнерско производство. Во извештајниот период остварено е производство на семенски материјал за расадничко производство, односно собрано е семе, во вкупна количина од 182кгр од различни дрвни видови и тоа: црн бор (97 кгр.), бел бор (15кгр), аризонски чемпрес (8кгр), дуглазија (23кгр.), ела (5кгр), смрча (11кгр) и багрем (23кгр.).



Остварените приходи по видови за период од 01-06 месец 2022 год. од (Одделение за сметководство) од расадничко производство на ниво на ЈП „Национални шуми"се во износ од 1.013.559,00 денари. Пошумувањата предвидени според Посебните планови за стопанисување со шуми се реализираат во неколку фази според предвидената динамика, обработка на почвата (механизирана или рачна обработка на почвата, а во зависност од теренските услови). Изборот на дрвните видови за пошумување на предвидените површини е според едафско-климатските и педолошки услови, адаптибилни за успешна прифатеност и понатамошен развиток на садниците.
Во зависност од надморската височина и географската местоположба на локалитетите се пошумува со дрвни видови кои се адекватни во согласност со педолошката структура на почвените и климатските услови.

**Заштита на шумите**

Заштита на шумите од болести и штетници
Заштитата на шумите е систем на мерки и активности кои се спроведуваат со цел да се обезбеди опстанок на шумите, зачувување на здравствената состојба и виталност на шумите од противправно присвојување и користење, пожари, растителни болести и штетници, бесправни сечи, противправно собирање на други шумски производи и други оштетувања. За заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетници утврдени се средства преку Програмата за проширена репродукција на шумите за 2022 год. (Сл. весник на Р.С.Македонија бр.56/22).



Активностите се во насока на превентивна заштита на шумите и шумските култури од потенцијални штетници кои може да загрозат поголеми шумски простори, организирана преку Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба) за шумите во Р.С.Македонија. Шумарскиот факултет - Скопје, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ќе достави Извештај за здравствената состојба на шумите во Р.С.Македонија за 2022 год., со предлог мерки за понатамошно делување. За оваа намена се обезбедуваат финансиски средства од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство преку Програмата за проширена репродукција на шумите за 2022 год. (Сл.весник на Р.С.Македонија бр.56/22) во износ од 1.000.000,00 денари.

**Заштита на шумите од пожари**

Согласно податоците кои се прибираат во текот на годината, а истите се добиени од: Електронскиот систем MKFFIS, преку статистичките листови кои ги доставуваат подружниците и електронските Месечни извештаи за реализирани активности на шумочуварската служба доставени до Секторот за заштита на шуми, надзор и внатрешна контрола, евидентирани се 69 пожари во текот на периодот од јануари-јуни 2022 год. Вкупно опожарена површина во периодот од јануари-јуни 2022 год. е 733,02ха, а опожарена дрвна маса е 4.621,00м3 при што е причинета штета од 43.218.277,00 денари. Вкупните трошоци за гаснење на пожарите во периодот од јануари-јуни 2022 година изнесуваат 832.650,00 денари. Во гаснењето на пожарите учествувале 583 гасначи од кои 337 се вработени во ЈПНШ, а 246 се гасначи од други субјекти.

**Заштита на шумите од шумски штети**

Заштитата на шумите од шумски штети претставува сериозен фактор во зачувување на шумскиот фонд. Бројот на прекршителите, односно сторителите на шумски штети и кражби на дрво во последните години се зголемува, а со тоа на шумскиот фонд му се нанесуваат значителни штети. ЈП „Национални шуми“ преку Секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола и шумочуварската служба, заштитува:

- Уредена површина на ниво на ЈПНШ опфатена со ШСЕ 997.357,65ха *)
- Уредена површина на ниво на ЈПНШ опфатена со ШСЕ обрасната со шума 848.386,17ха *)

Согласно Закон за изменување и дополнување на Законот за шуми објавен во (Сл. Весник на РМ бр.160/2014 год., во член 81) дефинирано е дека правните субјекти кои стопанисуваат со државните шуми вршат реонско чување на шумата и притоа треба да се формираат - шумочуварски реони, односно чувањето на шумите се врши двостепено, шумочуварската служба врши реонско чување на шумите, додека шумската полиција врши контролно-патролно чување на шумите. Врз основа на измените на Законот за шуми изготвени се: Правилници и Упатства (подзаконски акти) – Правилник за вршење на работите на шумочуварската служба и формата и содржината на службената книга за бесправните дејствија и за утврдување на фактичката состојба во шумочуварскиот реон; – Правилник за службената униформа, легитимацијата, видот на службеното вооружување што го носат припадниците на шумочуварската служба и начинот на користење на службеното оружје. Припадниците на шумочуварската служба во шумочуварските реони особено се овластени да: го чуваат реонот од бесправни сечи и шумски кражби, да вршат преглед на сите средства со кои се превезува или пренесува дрво во шумочуварскиот реон и на контролните рампи на шумските патишта, да ги легитимираат сите лица затечени во шума, да известуваат за појавени шумски пожари, растителни болести, шумски штетници и други непогоди во шумочуварскиот реон. За сите бесправни дејствија ги известуваат надлежните органи во правните субјекти за стопанисување со шумите, а против прекршителите поднесуваат барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен орган. Припадниците на шумочуварската служба за својата работа водат службена книга за бесправните дејствија и за утврдување на фактичката состојба во реонот. Воведена е електронска евиденција поединечно за секој припадник на шумочуварската служба: Име и број на шумочуварски реон со кој е задолжен, лиценца број, легитимација број, телефонски број, чекан за шумска штета број, дозвола за поседување и носење на оружје број, како и следење на промените кои настануваат на шумо-

чуварската служба со доставување на информации во континуитет.

Со цел поефикасно и побрзо прибирање и анализа на податоците кои ги доставуваат подружниците до Секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола, изготвени се нови извештаи кои се испраќаат до Секторот во електронска и пишана форма:

-Извештај за активноста на шумочуварската служба;

-Извештај за нарушувања од познат и непознат сторител;

-Извештај за активности за гаснење на пожари, причинители, преземени мерки;

-Извештај за трошоци и причинети штети од настанати пожари

Од активностите на шумочуварската служба во периодот од 01-06 месец 2022 год. поднесени се вкупно 103 пријави од кои 7 кривични и 96 прекршочни. Исто така откриени се нарушувања од познат сторител при што е одземена дрвна маса од вкупно 132,08м³. Проценката на бесправно посечената дрвна маса изнесува 322,56м³ или 560.144,00ден. вредност според комерцијален ценовник

Против нарушувања од непознат сторител во периодот од 01-06 месец 2022 година поднесени се вкупно 14 пријави од кои 12 кривични и 2 прекршочни. Исто така откриени се нарушувања од непознат сторител при што е одземена дрвна маса од вкупно 326,38м³. Проценката на бесправно посечената дрвна маса изнесува 9.060,63м³ или 9.659.999,42ден. вредност според комерцијален ценовник.

**Уредување на шумите**



Секторот за уредување на шуми во извештајниот период, работи на изготвување на посебни планови за стопанисување со шумите, односно изготвува плански документи во кои се даваат насоки за стопанисување со шумите на одржлив и еколошки принцип, самостојно и целосно изработува Посебни планови за стопанисување со шуми и ловишта. Извршителите вршат припрема во канцеларија за несметано извршување на работите на терен, а потоа преку организирање, координирање и учество во извршувањето на работите на терен со давање на упатства за работа. По прибирањето на податоците од терен се пристапува кон средување и обработка на прибраните податоци и канцелариска изработка на Посебните планови за стопанисување со шуми. Изготвување на компјутерски карти за потребите на ППСШ, учество во расправи на рецензионата комисија, при што се постапува по договорените забелешки.

Поради следење на новите техники и методи од областа на шумарството (уредување на шуми и други специјалности) вработените во Секторот за уредување на шуми, ловишта и проектирање учествуваат на проекти, обуки, стручни собири и работилници.

Целта е да се одржи и зголеми капацитетот и начинот со планирање во стопанисувањето на државните шуми во Република Северна Македонија.

**Финансиски резултати**

Во Извештајот за работењето, податоците за остварените резултати од работењето за период 01-06месец 2022 год. се добиени од сметководствените податоци за книжени приходи и расходи по подружници.

Според податоците вкупниот приход на ниво на ЈП "Национални шуми" за извештајниот период изнесува 390.909.983 ден., вкупните расходи се 593.785.518 ден. при што е остварен негативен финансиски резултат од работењето во износ од 202.875.536 денари. Во извештајниот период (01-06месец 2022год.), завршните залихи се поголеми од почетните за износ од 21.409.886 ден. и за тој износ се намалени вкупните трошоци, што влијае на крајниот финансиски резултат. Споребените податоци за остварените приходи и расходи за период 01-06месец 2022год. со истиот период од минатата година, покажуваат дека оваа година приходите се поголеми за 5%, а расходите се поголеми за 4%. Остварената загуба е поголема од таа остварена минатата година за 6.159.557денари.

Споредбените податоци на приходите по видови покажуваат дека приходите од продажба на огревно дрво се поголеми за 9%, а приходите од продажба на техничко дрво се помали за 19%.

Од другите приходи зголемување се бележи кај приходите од продажба на остаток после сеча, од продажба на други шумски производи, од извршена ознака во приватни шуми, останати приходи( концесии, пренамена на шумскоземјиште) и приходи на дирекција.
Споредбените податоци, пак за расходите по видови, покажуваат дека вкупните расходи во извештајниот период се поголеми за 4%.

Според податоците за продадената дрвна маса и остварените приходи од продажба, за период 01-06месец 2022 год. остварена е просечна продажна цена и тоа за огревното дрво – 1.907,12 ден./м³ и за техничкото дрво – 2.572,89ден./м³. Споредбените податоци со истиот период минатата година покажуваат дека оваа година просечната продажна цена на огревното дрво е помала за 6%, во главно како резултат на продадена поголема количина на опожарена дрвна маса од ланските пожари во малешевско-пијанечкиот регион, која е со намален квалитет и се продава по пониски цени кои ги одредува комисијата за проценка на квалитетот на дрвната маса, а на техничкото дрво е помала за 11%.

За период 01.01-30.06 2022 год. Јавното претпријатие има остварено вкупен прилив во износ од 603.298.293ден., вкупен одлив од 622.170.547ден. Ефективниот прилив е еднаков на вкупниот прилив, затоа што во периодот нема прилив по основ на компензации. Со корекција на односите меѓу подружници, вкупниот прилив изнесува 604.484.183ден., вкупниот одлив 623.356.437ден.
Споредбените податоци со истиот период минатата година покажуваат дека оваа година вкупниот прилив е поголем за 10%, и вкупниот одлив е поголем за 17%. Ефективниот прилив оваа година во дадениот период е поголем за 10%, и ефективниот одлив е поголем за 17%.
Во однос на показателите на деловното работење, споредено со истиот период минатата година може да се забележи дека:
•Економичноста е на минатогодишното ниво,
•Финансиската продуктивност е зголемена за 18%,
•Физичката продуктивност е зголемена за 13%,
•Степенот на наплата е зголемен за 5%.

Подготвиле

дипл.шум.инж. Кети Јанакиевска
дипл.шум.инж. Гордана Серафимовска



# 16 СЕПТЕМВРИ - МЕЃУНАРОДЕН ДЕН ЗА ЗАШТИТА НА ОЗОНСКАТА ОБВИВКА




Во седумдесетите години  беше откриено дека одредени супстанции како што се хлорофлуројаглеродите (CFC) и халоните ја оштетуваат озонската обвивка. Од првите мерења направени во раните осумдесети години до денес, озонската обвивка над Антарктикот се повеќе се разредува и откриена е „озонската дупка".

Озонската обвивка е од витално значење за сите живи суштества на Земјата, бидејќи штити од штетните ултравиолетови зраци и не штити од рак на кожата, катаракта и ослабен имунолошки систем. Деградацијата на озонската обвивка го намалува земјоделското производство, ги оштетува екосистемите на океаните, ја ограничува репродукцијата на рибната популација и прави штети на фауната.

Меѓународната заложба за заштита на озонската обвивка датира од средината на осумдесетите. На 16 септември 1987 година, 120 земји го потпишаа Монтреалскиот протокол за супстанци кои ја осиромашуваат озонската обвивка, што овозможи брзо ограничување и прогресивна забрана на употребата на тие супстанци.

Протоколот од Монтреал се смета за најефективен меѓународен договор во секторот за животна средина, што може да се припише на 95 отсто намалување на употребата на супстанци кои се одговорни за осиромашување на озонската обвивка во светот. Бидејќи овие супстанци се исто така во голема мерка моќни стакленички гасови, нивното ограничување исто така има позитивно влијание врз климата. Пред да се регенерира озонската обвивка и да се врати на дебелината што ја имаше пред 1980 година, ќе поминат уште неколку децении. Напуштањето на употребата на супстанци кои ја осиромашуваат озонската обвивка мора да се спроведе низ целиот свет  на кохерентен и одржлив начин.

Како Меѓународен ден за заштита на озонската обвивка е воспоставен  во 1994 година од Генералното собрание на Обединетите нации, а избраниот датум има посебно значење. На тој ден е потпишан и Монтреалскиот протокол, потпишан од меѓународната заедница во 1987 година токму со цел да се усвојат политики способни за промовирање на реапсорпција. на таканаречената „озонска дупка" над регионот на Антарктикот.

Заштитата на озонската обвивка започнува во нашиот дом. Колку фрижидери и замрзнувачи опремени со производи за ладење и изолациони материи што создаваат пена кои предизвикуваат осиромашување на озонската обвивка сè уште се во функција? Благодарение на брзото подобрување на енергетската ефикасност, новите апарати за домаќинство кои работат врз база на природни производи за ладење носат видливи придобивки веќе по неколку години. Во комерцијалниот и индустрискиот сектор, заштедата на енергија поради модерната технологија има уште попозитивен ефект,  од кој подеднакво имаат корист и климата и озонската обвивка. Дури и со нашата кошничка можеме да ја зачуваме озонската обвивка. Всушност, сезонското овошје и зеленчук произведени локално и со мало влијание врз животната средина, ја зачувуваат озонската обвивка и климата, бидејќи не бараат скапи мерки за дезинфекција или транспорт на долги растојанија.




Мешана листопадно четинарска шума во есенски аспект
Фото Проф.др. Јане Ацевски